| Седмица: 7 Час: 4<br>Датум: | | | Тема 2: Работа со текст<br>Наставна единица: Копирање и преместување | | | Одделение:<br>IV |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности<br>Опис | Активности<br>Организациони форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
| 5 мин. | Да се оспособи за манипулација со делови на текст (селекција, преместување и копирање) | **Сите можат:**<br>да препознаат измешан редослед на речениците | На компјутер им презентирам басна во која речениците се со испревртен редослед. Што е потребно да направиме речениците да бидат со правилен редослед? Да го смениме местото на речениците. Што е потребно да направиме оваа басна да ја имаме уште еднаш на истиот лист? Да ја ископираме басната. Најава на целта на часот. | З<br>метод на разговор | Документ со текст<br><br>Детски компјутери<br><br>LCD проектор<br><br>Учебник | Дискусија<br>Прашања<br>Одговори |
| 30 мин. | | **Повеќето можат:**<br>да преместуваат или копираат текст | • Активност за преместување текст.<br>- Наставникот однапред има подготвено документ со басна со испревртен редослед кој се наоѓа на работната површина. На LCD проектор им дава насоки на учениците како да го уредат текстот.<br>- Работа во парови. Прво се селектира реченицата што сакаме да ја преместиме, десен клик врз текстот и избираме **исечи** / cut (ќе забележиме дека текстот исчезнува), го позиционираме курсорот на саканото место и со десен клик избираме **вметни** / paste. На тој начин речениците со испревртен редослед ги преместивме на ново место. Документот треба да се зачува.<br>• Активност за копирање текст - Се отвора документот со басната. Се селектира басната, со десен клик врз текстот избираме **копирај** / copy (ќе забележиме дека текстот останува на истото место), го позиционираме курсорот на саканото место и со десен клик избираме вметни. Со оваа постапка текстот повторно се појавува на бараното место. Документот треба да се зачува. Учениците постапно ги извршуваат демонстрираните чекори, а наставникот ја контролира нивната работа и помага доколку е потребно. | метод на демонстрација<br><br>П<br>метод на работа со компјутер<br><br>метод на демонстрација<br><br>П<br>метод на работа со компјутер | | Набљудување<br><br>Изработен документ |
| 5 мин. | | **Некои можат:**<br>да ја објаснат разликата помеѓу преместување и копирање | Ја објаснуваат разликата помеѓу преместување и копирање. | И<br>метод на објаснување | | Набљудување |
| **Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | | **Клучна терминологија** |
| Воведен дел: Презентирање басна со испревртен редослед на речениците<br>Главен дел: Активности за преместување и копирање текст, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: Објаснување на разлика помеѓу копирање и преместување | | | | | | исечи, вметни, копирај. |

obrazovanie.literatura.mk